# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **БР. 6 ГОД.25** |

**Општина Чучер-Сандево, Јуни 2022 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува по потреба** | **ВТОРНИК 27 Јуни 2022 год.** | **Бр. 5 Год. 25** |


# 49.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („ Службен гласник на Општина Чучер-Сандево “ бр.6/21), донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТЕН ПРОЕКТ СО КОЈ СЕ АПЛИЦИРА ПО ПРОЕКТОТ „ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ„**

Се објавува Одлука за одобрување на приоритетн проект, со кој се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **12**-та седница, одржана на **27.06.2022** година.

**Бр. 09-756/1**
**27.06.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ б.5/19), а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската Ивестициона банка по Договорот за заем по Проектот : „Водоснабдување и одведување на отпадните води„ („Службен весник на Република Македонија„ број 83/10), Советот на Општина Чучер-Сандево на 27.06.2022 година, на **12-**та седница на Советот на Општината, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување на приоритетен проект со кој ке се аплицира по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадните води“**

**Член1**

Со оваа одлука се одобрува инфраструктурниот проект за „Изградба на фекална канализација за с.Побожје како приоритетен проект.

**Член 2**

Со овој проект ќе се аплицира за користење на средствата од Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ обезбедини со заем кај Европската Инвестициона Банка.

**Член 3**

Се овластува Гладоначалникот на Општина Чучер-Сандево да ги превземе сите дејствија во веска со аплицирање за користење на средствата обезбедени со заемот кај Европската Инвесациона Банка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ .

**Бр.08-703/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**27.06.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ.**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р.**

# 50.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („ Службен гласник на Општина Чучер-Сандево “ бр.6/21), донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ И ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ДА ГИ ПОТПИШЕ ДОГОВОР/И ЗА ГРАНТ, КОЈ КЕ СЕ СКЛУЧИ СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ СЕРЕПАИС БРОЈ 2008/0446 ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ЗА ПРОЕКТ: “ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ“ ВО ВРСКА СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ “ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ“ (“СЛИЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 83/10) И ОДЛУКАТА ЗА РАСПОДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТ “ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ“ (“СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 154/210), МЕЃУ ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО МИНИСТЕРСВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВЕРСКИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.**

Се објавува Одлука за давање согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево да ги потпише Договор/и за грант, кој ке се склучи согласно Договорот за финансирање серепаис број 2008/0446 помеѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Проектот “Водоснабдување и одведување на отпадните води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средствата согласно досговорот за заем по проектот “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/210), меѓу Општината Чучер-Сандево и Министерсво за

транспорт и врски на Република Северна Македонија, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **12-та** седница, одржана на **27.06.2022** година.

**Бр. 09-756/2**
**27.06.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член36 став1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на РМ “ бр. 05/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („ Службен гласник на Општина Чучер Сандево “ број 5/19 ), Советот на Општина Чучер-Сандево на 12-та седница одржана на 27.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договорот за финансирање serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот “Водоснабдување и одведување на отпадни води” (“Службен весник на Република Македонија” број 83/10) и Одлуката за распределба на средствата согласно договорот за аем по проектот “Водоснабдување и одведување на отпадни води” (“Службен весник на Република Македонија” број154/2010), меѓу Општина Чучер-Сандево и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево да ги потпише Договор/и за грант, кој ке се склучи согласно Договорот за финансирање serepais број 2008/0446 помеѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води” во врска со Законот за задолжување на Проектот “Водоснабдување и одведување на отпадните води” (“Службен весник на Република Македонија” број 83/10) и Одлуката за распределба на средствата согласно досговорот за заем по проектот “Водоснабдување и одведување на отпадни води” (“Службен весник на Република Македонија” број 154/210), меѓу Општината Чучер-Сандево и Министерство за транспорт и врски на Република Северна Макдеонија.

Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Чучер-Сандево да го потпише Договорот/ите за грант, кој ке се склучи согласно Договор за финансирање serepais број 2008/0446 помеѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка за Проект “Водоснабдување и одведување на отпадни води” во врска со Законотза задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот: “Водоснабдување и одведување на отпадните води” (“Службен весник на Република Македонија” број 83/10) меѓу Општина Чучер-Сандево и Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ .

**Бр.08-703/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**27.06.2022 год.** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р.**

# 51.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („ Службен гласник на Општина Чучер-Сандево “ бр.6/21), донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ И ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗМИРУВАЊЕ ОДНОСНО ПРЕНАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТСКАТА СМЕТКА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Чучер-Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **12-та** седница, одржана на **27.06.2022** година.

**Бр. 09-756/3** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**27.06.2022 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ’’ бр. 05/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’ број 5/19), а во врска со одредбитеод член 4 од Законот за јавен долг („Службен весни на РМ‘‘ бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14 и „Службен весни на РМ‘‘ бр.98/19 и 151/21), Советот на Општина Чучер-Сандево на 12-та седница одржана на ден 27.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Чучер-Сандево**

Член 1

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа одлука се дава согласност и овласување на Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево за измирување на средствата од буџетската сметка на Општина Чучер-Сандево, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кои ќе се случат согласно Договорот за финансирање serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води” во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот “Водоснабдување и одведување отпадни води” (“Службен весник на на Република Македонија” број 83/10) и Одлуката за распределба на средства соогласно договорот за заем по проектот “Водоснабдување и одведување на отпадни води” (“Службен весник на Република Македонија” рој 154/2010), помеѓу Општина Чучер Сандево и Министерство за

транспорт и врдки на Република Македонија, а во случај на непочитување на договорните услови.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерството за финансии на Република Македонија, со насочување на средствата од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од донациите кои треба да се распределат на Општина Чучер-Сандево до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно одредбите од Законот за јавен долг („ Службен весник на РМ“ бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14 и „Службен весни на РМ‘‘ бр.98/19 и 151/21).

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ .

**Бр.08-703/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**27.06.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р.**

# 52.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („ Службен гласник на Општина Чучер-Сандево “ бр.6/21), донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗЈАВА**

Се објавува Изјава, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **12-та** седница, одржана на **27.06.2022** година.

**Бр. 09-756/4** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**27.06.2022 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 35 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" број 5/19), а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот “Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ бр.83/10) , Советот на општина Чучер-Сандево на 12-та седница одржана на 27.06.2022 година, дава

**И З Ј А В А**

Општината Чучер-Сандево има формирано Јавно комунално претпријатие "Скопска Црна Гора".

Јавно комунално претпријатие "Скопска Црна Гора" ги покрива услугите кои се однесуваат на водоснабдување и одведување на отпадни води, и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

Јавно комунално претпријатие "Скопска Црна Гора" со утврдената тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектот.

Проектите со кои ќе аплицира општината ќе бидат одобрени со одлука од Советот на општината, за секој проект посебно.

Сите досега финансирани проекти за водоснабдување и одведување на отпадни води во Општината Чучер-Сандево од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

**Бр.08-703/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**27.06.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р.**

# 53.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („ Службен гласник на Општина Чучер-Сандево " бр.6/21), донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕ**

Се објавува Заклучок за прифаќање на Барање, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **12-та** седница, одржана на **27.06.2022** година.

**Бр. 09-756/5** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**27.06.2022 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 и член 36 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" б.5/19), а во врска со член 25 од Законот за

основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.161/19, и бр.229/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на 12-та седница одржана на 27.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за прифаќање на барање**

Барањето на ООУ„Михаљ Грамено„ с.Брест, број 15-638/1 од 23.05.2022 година, се прифаќа.

Се овластува Претседателот на Советот на Општина Чучер-Сандево да достави Барање за позитивно мислење до надлежното министерство.

**Бр.08-703/7**
**27.06.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ.**
**Сања Белинска с.р.**

# 54.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА НЕ ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ НА КП 6228/2 КО КУЧЕВИШТЕ**

Се објавува Одлуката за не донесување идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување планскиот опфат за вклопување на бесправни објекти на КП 6228/2 КО Кучевиште, што Советот на Оштина Чучер-Сандево ја донесе на 12-та седница, одржана на 27.06.2022 година.

**Бр.09-756/6**
**27.06.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ’’ бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’ бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ’’ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на РСМ’’ бр.174/21) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на на бесправни објекти во урбанистичко планска документација

(„Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на 12-та седница одржана на ден 27.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА НЕ ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ НА КП 6228/2 КО КУЧЕВИШТЕ**

**Член 1**

По поднесеното Барање за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење УП 1 бр.09-1451/2011 од 26.08.2011 година, за објект со намена А1-семејна куќа кој е изграден на КП 6228/2 КО Кучевиште м.в. езеро, Советот на Општина Чучер-Сандево утврди дека не може да се прошири планскиот опфат и да се изврши вклопување на бесправните објекти согласно одредбите од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево''.

**Бр.08- 703/8**
**27.06.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

## СОДРЖИНА

Стр.

49. ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТЕН ПРОЕКТ СО КОЈ КЕ СЕ АПЛИЦИРА ПО ПРОЕКТОТ „ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ....................2

50. ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ И ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ДА ГИ ПОТПИШЕ ДОГОВОР/И ЗА ГРАНТ, КОЈ КЕ СЕ СКЛУЧИ СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ СЕРЕПАИС БРОЈ 2008/0446 ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ЗА ПРОЕКТ: “ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ“ ВО ВРСКА СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ “ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ“ (“СЛИЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 83/10) И ОДЛУКАТА ЗА РАСПОДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТ “ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ“ (“СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 154/210), МЕЃУ ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО МИНИСТЕРСВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВЕРСКИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ....................4

51. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ И ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗМИРУВАЊЕ ОДНОСНО ПРЕНАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТСКАТА СМЕТКА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО....................5

52. ИЗЈАВА....................7

53. ЗАКЛУЧОК ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕ....................8

54. ОДЛУКА ЗА НЕ ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ НА КП 6228/2 КО КУЧЕВИШТЕ....................9